Антонио Донев
Судски преведувач за македонски јазик

ЗАВЕРЕН ПРЕВОД
ОД СРПСКИ ЈАЗИК

........................................................................................................................................

Врз основа на член 14 став 1 и чл. 15 и 21 од Законот за единствениот избирачки список („Сл. весник на РС“, бр. 104/09 и 99/11) точка 9 и 10 од Упатствата за спроведување на Законот за единствени избирачки список („Сл. весник на РС“, бр. 15/12 и 88/18), Општинска управа на општина Пландиште

**ИЗЛОЖУВА НА УВИД**
**ДЕЛ ОД ЕДИНСТВЕНИОТ ИЗБИРАЧКИ СПИСОК ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЛАНДИШТЕ**

Дел од Единствениот избирачки список за територија на општина Пландиште изложен е во седиштето на Општинската управа на Пландиште, ул. Војводе Путника бр. 38, канцеларија број 1.

Увидот во Единствениот избирачки список се врши преку компјутерска опрема со внесување на единствен матичен број на граѓанинот со цел проверка дали е граѓанинот запишан во избирачкиот список и дали се точни запишаните податоци.

Барањата за промена во делот на Единствениот избирачки список граѓаните со место на живеење, односно интерно раселени лица со престој на територија на општина Пландиште можат да ги поднесат во Општинската управа во време од 7,00 до 15,00 часот, секој работен ден и во неработните денови од 8,00 до 12,00 часот, најдоцна до денот на заклучување на избирачкиот список до 11.04.2020 година.

Од прогласувањето на изборната листа, право на увид и поднесување на барање за промена во избирачкиот список има и поднесувачот на изборната листа или лицето кое тој ќе го овласти, по иста постапка по кој тоа право го имаат и граѓаните. Кон барањето се приложуваат овластувањето и потребните докази.

Граѓаните можат од распишувањето на изборите за народни пратеници на Народното собрание најдоцна до пет дена пред денот на заклучување на избирачкиот список на 06.04.2020 година, да поднесат барање во избирачкиот список да се запише податокот дека на престојните избори ќе се гласа по место на живеење на територија на општина Пландиште (избрано место за гласање). Избраното место за гласање не може да биде на територија на единицата на локалната самоуправа на која гласачот на место на живеење, односно престој за интерно раселено лице.

Овој податок не може да се менува до завршувањето на изборната постапка.

Во постапката вршење на увид во избирачкиот список лицето овластено за ажурирање на избирачкиот список, лицето за давање на техничка поддршка на општинската управа и овластеното лице на поднесувачот на изборната листа должни се да постапуваат во согласност со законот со кој се уредува заштитата на личните податоци.

Увидот во единствениот избирачки список може да се изврши и по електронски пат на официјалната интернет страница на Министерството за државна управа и локална самоуправа www.mduls.gov.rs/registri/jedinstveni-biracki-spisak, со внесување на податоците за единствениот матичен број на граѓанинот.

Во Пландиште,
05.03.2020

НАЧАЛНИК НА ОПШТИНСКАТА УПРАВА
Александра Одавиќ Мак, дипл. правник, с.р.
ср. потпис

**СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА ПЛАНДИШТЕ**
**ПРИМЕНО 05 МАР 2020**
Орг.ед Број
IV 208-29 / /

Тркалезен печат: Република Србија*(Грб)
Автономна Покраина Војводина
ОПШТИНА ПЛАНДИШТЕ ОПШТИНСКА УПРАВА
Пландиште

..........................................................крај на преводот..........................................................

Дека е преводот во целост верен на оригиналот на српски јазик, со својот потпис и печат потврдува судскиот преведувач за македонски јазик, врз основа на решението на Министерството за правда на Република Србија бр. 740-06-2069/08-03 од 26.11.2008 год.

Антонио Донев
судски преведувач
за македонски јазик

На ден 11.03.2020
Број на дневникот: 253/2020

ПРЕВОДИЛАЦ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈЕЗИК Антонио Донев Чачак